РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр./№ 16-454/21

15.12 25

ПМГ КОНСТРУКТИОН ДООЕЛ

бр. 0306/25

13.12. 2025

# АНЕКС бр. 1

## кон Договорот за набавка на Градежно занаетчиски работи, заведен под арх. бр. 16-454/15 од 07.05.2025 година кај Договорниот орган и заведен под арх. бр. 05-5/5 од 2025 година кај Носителот на набавката

1. **Министерство за дигитална трансформација,** со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.11, Скопје, застапувано од министерот за дигитална трансформација, **Стефан Андоновски**, во понатамошниот текст: Договорен орган.

и

2. **Друштво за градежни работи ПМГ КОНСТРУКТИОН ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. Призренска 2 бр. 14, Скопје, Р. С. Македонија, застапувано од управителот **Мартин Ристевски**, со ЕМБС: 7345119 и ЕДБ:4038019514511 во понатамошниот текст: Носител на набавката

Врз основа на член 119 став (1) точка 2. алинеја 1 и член 119 став (1) точка 3 од Законот за јавните набавки, а согласно образложението од член 119 став (8) од Законот за јавните набавки заведено под арх. бр. 16-454/17 од 15.12.2025 година (во прилог) се склучува овој Анекс бр.1 кон основниот договор.

**Член 1**

Се менува член 5 од основниот договор кој гласи:

„(1) Максимална сума која може да биде искористена согласно овој договор изнесува 4.800.000,00 денари без ДДВ.

(2) Поединечните цени во денари се утврдени во документот спецификација на цени – Прилог кон овој Договор.

(3) Данокот на додадена вредност ќе биде пресметан на денот на фактурирање согласно позитивните законски прописи во државата.“.

**Член 2**

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, Носителот на набавката има обврска да ја достави најдоцна до денот на потпишување на овој Анекс, со важност и висината на банкарската гаранција кој изнесува 5% од вкупната вредност на Договорот согласно член 1 од овој Анекс бр.1.

**Член 3**

Овој Анекс бр.1 стапува на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 4**

Овој Анекс бр.1 е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја договорна страна задржува по 3 (три) примерока.

| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |
|---|---|
| Министерство за дигитална трансформација | Друштво за градежни работи ПМГ КОНСТРУКТИОН ДООЕЛ Скопје, |
| Министер, | Управител, |
| **Стефан Андоновски** | **Мартин Ристовски** |

Друштво за градежни ... КОНСТРУКТИОН ДООЕЛ Скопје